ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-1091/1
28.12.2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 32 став 1 т.8 од Статутот на Црвениот крст на Република Северна Македонија за донесување на одлуки помеѓу две седници на Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ, донесени од Претседателот и Потпретседателите на Црвениот крст на РСМ, а во согласност со овластувањето кое го даде Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ на својата 31ва седница одржана на ден 22.12.2020 година, Претседателот на ден 28.12.2020 година донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на висина на надоместок за Црвен крст на РСМ по основ за курсна настава по прва помош за кандидати за возачи

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот кон Црвен крст на РСМ по основ за курсна настава по прва помош за кандидати за возачи од општинските организации на Црвен крст/Црвен крст на град Скопје.

Член 2

Висината на надоместокот од член 1 на оваа Одлука изнесува 300,00 денари за еден кандидат и во истиот се пресметани и содржани следните ставки:

- прирачник по прва помош за возачи и уверение;
- трошоци за развој на дејноста на прва помош, обука на предавачи, мониторинг и стручен надзор;
- одржување на софтвер за курсна настава по прва помош и одржување на хардвер.

Член 3

Општинските организации на Црвен крст/Црвен крст на град Скопје вршат уплата на жиро сметката на Црвениот крст на РСМ по доставена фактра и испратница.

Член 4

Се задолжува Службата за финансии и ревизија да ја реализира оваа Одлука.

Член 5

Со оваа одлука се укинува Одлуката за утврдување на надоместок за сертификат и прирачник, по основ за курсна настава по прва помош за кандидати за возачи кои Црвениот крст на РМ ги издава на Општинските организации на Црвен крст (бр.02-932/12од 17.12.2012 година).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Претседател,**

**Проф.д-р Ромел Велев**

ДН:
- ООЦК/ЦКГС
- сектори/одделенија
- Служба за финансии и ревизија
- архива